Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 02 JUN 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 688/1 | | |


ДО
МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА НА РС МАКЕДОНИЈА
-Педагошка служба

Почитувани,

Согласно вашето барање доставено на 28.5.2026 г. по електронска пошта, а во врска со коригираниот ракопис за учебник по предметот Географија за 8-мо одделение за проверка дали авторот/те постапил/е по препораките на рецензентот за наведениот ракопис го доставувам следното:

**ИЗДВОЕНО МИСЛЕЊЕ**

Како рецензент на Комисијата за оценка на ракописот за учебник по Географија за 8-мо одделение во основното деветгодишно образование со шифра 27, доставив мислење во кое ги наведов моите забелешки за секое подрачје поодделно (1. Усогласеност на содржината на учебникот со наставната програма; 2. Избор и приказ на содржините; 3. Поврзаност со учењето и поучувањето; 4. Јазик и стил и 5. Дизајн). Покрај забелешките за неисполнетоста на наведените подрачја (потенцирани на околу 4 страници) за секоја лекција наведов и некои конкретни недостатоци, како образложение кон оценката дека ракописот за учебник по Географија за осмо одделение во основното образование со шифра 27 НЕ ГИ ЗАДОВОЛУВА БАРАЊАТА од предвидените подрачја и би било штета истиот да се најде во образовниот систем. Ракописот сепак бил вратен кај авторот/те заради подобрување и внесување на поправки.

На 28.5.2026 г. по електронска пошта е доставен коригиран ракопис за учебник по предметот Географија за 8-мо одделение со барање за проверка дали авторот/те постапил/е по констатираните недостатоци.

При деталниот преглед на коригираниот ракопис се констатира дека авторот/те ВО НАД 90% НЕ ПОСТАПИЛ/Е ВО ОТСТРАНУВАЊЕ НА НЕДОСТАТОЦИТЕ.

ЗАКЛУЧНА КОНСТАТАЦИЈА

Во коригираниот ракопис за учебник по Географија за 8-мо одделение во основното образование со шифра 27 по моето укажување (МИСЛЕЊЕ за вреднување на учебник по Географија за осмо одделение во основното образование со шифра 27) авторот/те ВО НАД 90 % НЕ ПОСТАПИЛ/Е ВО ОТСТРАНУВАЊЕ НА НЕДОСТАТОЦИТЕ ВО СОДРЖИНИТЕ. Тоа значи дека книгата не ги задоволува: психолошко-педагошките критериуми согласно возраста на учениците; методско-дидактичките принципи (научност, конкретизација, систематичност, етичност, нагледност и обем на содржините) и методско-дидактичката апаратура за организација на наставата. Сериозен е недостатокот што и во коригираниот ракопис има индикатори за етничка и расна дискриминација.

Затоа, сметам дека и коригираниот ракопис за учебник по **Географија за осмо одделение во основното образование со шифра 27 НЕ ГИ ЗАДОВОЛУВА БАРАЊАТА од предвидените подрачја и би било штета истиот да се најде во образовниот систем**.

Географијата е наука со широк дијапазон на научно, образовно и културолошко значење, така што учениците заслужуваат квалитетен учебник од кој низ добро систематизирана, конкретизирана и квалитетно географски илустрирана содржина ќе се стекнат со квалитетни фундаментални географски знаења. Искрено се надевам дека центар на внимание ќе бидат учениците.

Доставено до:
-Педагошка служба
-Национална комисија за учебници за основно и средно образование

РЕЦЕНЗЕНТ
Проф. д-р Марија Љакоска

3.6.2026 г.

Мљакоска
---------------------------------------------

352

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Sherbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 02 JUN 2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 352/14 | | |

До: Педагошка служба,

Министерство за образование и наука

По проверка на ракописот со внесените корекции, може да се заклучи дека ракописот комплетно ги исполнува стандардите за учебник по Географија за VIII одделение. Ракописот поседува исклучителен квалитет и претставува многу иновативно и современо наставно средство.

Заклучок: Ракописот како таков се препорачува да биде одобрен за употреба како учебник по предметот Географија за VIII (осмо) одделение.

Тетово

29.05. 2026

Проф. д-р Реџеп Хамити

352

**СТРУЧНО МИСЛЕЊЕ**

за вреднување на ракописот за учебник за наставниот предмет Географија за VIII одделение во основно образование со шифра 27 **( ревидирана верзија)**

По извршениот увид во ревидираната верзија на ракописот за учебник по географија за VIII одделение во основно образование со шифра 27, констатирам дека забелешките и препораките дадени од Рецензентската комисија се земени предвид. Во текстот се направени соодветни корекции и дополнувања, со што е подобрен квалитетот на содржината, јазичната прецизност и методички-дидактичката обработка на наставните содржини.

Сметам дека забелешките се соодветно отстранети и учебникот **ги исполнува** потребните стручни, научни и педагошки критериуми за негово користење во наставата.

Врз основа на наведеното, давам **позитивно стручно мислење** за ракописот за учебник со шифра 27 и предлагам истиот да биде одобрен за понатамошна постапка.

Со почит,

М-р Невенка Стоева

Н. Стоева

01.06.2026, Скопје

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
Скопје - Shkup

| Примено: Pranuar: | 02-06-2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Njësia Org. | Број: Numër: | Прилог: Shtojcë: | Вредност: Vlerë: |
| 26 | 352 | 15 | |